# МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

**Публикација на Сојузот на синдикатите на Македонија**
**Излегува еднаш месечно**
**Број 18   Јуни 2013 година**

## СЕ РЕАЛИЗИРА КАМПАЊАТА НА ССМ ЗА ПОСЕБЕН ЗАКОН ЗА МОБИНГ




**Прес конференција по повод донесувањето на законот - ова е трет стратешки закон што се носи по иницијатива на ССМ**

Десетти јуни е прв ден од примената на Законот за мобинг, чие донесување е од исклучително значење за уредувањето на односите во работните средини. Донесувањето на законот е од историско значење, затоа што ќе придонесе за создавање здрава работна средина и релаксирани односи.

Ова го изјави претседателот на ССМ д-р Живко Митревски на конференција за печат на 10 јуни, која се одржа по повод донесувањето на Законот за мобинг и почетокот на неговата примена.

Им се заблагодаруваме на сите субјекти кои придонеса проектот со законот да биде успешно завршен. Тоа се гранските синдикати, секциите на жени, Канцеларијата за помош и едукација на жртвите од мобинг при ССМ, голем број невладини организации и граѓански здруженија, посебно работните групи во Министерството за труд и социјална политика, а од пратениците би ја истакнал пратеничката Лилјана Поповска, која од почеток беше присутна во сите иницијативи.

Значењето на законот се согледува и според показателите за предизвиканите штети. Имено, месечно во Република Македонија се трошат 800.000 евра за лекување на здравствените последици од мобинг, што значи дека годишно штетите изнесуваат околу 10 милиони евра.

Анкетата што ја спроведовме со Синдикатот на финансиските дејности покажа дека 42 отсто од испитаниците се изјасниле дека се жртви на психички вознемирувања на работното место. Задоволни сме што постојат сериозни санкции, од пет до шест илјади евра казни за вршење мобинг и до четири илјади за одговорното лице. Работодавачите се должни во рок од три месеци да ги известат работниците за законот, додека е внесена и категоријата надомест на штета. Донесувањето на законот е верификација на социјалниот дијалог во Македонија, па и верификација на кампањата на ССМ од минатата година.

Ги охрабруваме работниците да се заштитуваат и да ги остваруваат своите права врз основа на овој закон, порача Митревски. Слободно нека се обраќаат до правните застапници на ССМ, до гранските синдикати и Канцеларијата за помош. Апелираме и до работодавачите да ги почитуваат работничките права и да придонесат во создавањето релаксирани индустриски односи. Ќе сториме се законот да не остане на хартија, туку вистински да заживее и во тој правец ССМ ќе спроведува дополнителна едукација на членовите за мобингот.

На прашањата на новинарите за областите каде мобингот е најзастапен одговорено е дека најмногу лица се пожалиле од тектилната индустрија, здравството и администрацијата. Во однос на типот на притисоците околу 60 отсто се однесува на остварување на работниот однос, додека најзастапено е психичкото вознемирување, пред физичкото и половото вознемирување.

# СОВЕТУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПРАВНИЦИ ЗА НОВИОТ ЗАКОН




**Претседателот Митревски на советувањето објасни дека сите субјекти треба да придонесуваат во следната фаза - имплементацијата на законот**

На 25 јуни во хотелот "Холидеј Ин" во Скопје, во организација на Здружението на правници на Република Македонија, се одржа советувањето "Мобингот според новиот Закон за заштита од вознемирување на работното место".

На советувањето д-р Даница Миладинова, извршен директор на Здружението на правници, при воведниот говор посебно ја нагласи улогата на Сојузот на синдикатите на Македонија, како иницијатор и предлагач на законот. Миладинова зборуваше на тема "Заштита од мобингот во македонското законодавство".

Ленче Коцевска, претставник на Министерството за труд и социјална политика, зборуваше на тема "Уреденоста на мобингот во Законот за заштита од вознемирување на работното место и импликациите во практиката".

Д-р Живко Митревски настапи со тема "Значењето на новиот Закон за заштита од вознемирување на работното место за работниците и улогата на Синдикатот во неговото донесување".

Четврт предавач беше судијата во Апелациониот суд во Скопје д-р Зоран Михајлоски, кој зборуваше на темата




"Постапката за заштита од мобинг според Законот за заштита од вознемирување на работното место.

Во своето излагање претседателот на ССМ меѓу другото рече:

Синдикалното движење насекаде, на европско и на светско ниво, во последните години посебно внимание му посветува на вознемирувањето на работното место на работниците.

Носител на овие активности во Македонија беше ССМ, кој во рамките на стратегиите за остварување на здрава и безбедна работна средина се фокусираше и на грижата и заштитата од мобинг.

Основата за прагматичен пристап со нормативно опсервирање на овој феномен, ССМ го гледаше и го активираше и од аспект на потребата од хармонизирање на нашето работно законодавство со европското. Барањата на ССМ, како предводник за донесување на нов посебен закон, наоѓаа основа во недоволната правна рамка и правна лимитираност на оваа појава обработена само со еден член во Ззаконот за работни односи.

Следна основа како предмет на интерес и потреба за донесување на нов закон од аспект на синдикатот беа и економските последици за работните места, претпритијатата и општеството во целина како резултат на мобингот. Според истражувањата на ниво на ЕУ, дури 15% од работницте страдаат од мобинг на работното место. Одредени истражувања укажуваат исто на фрапантни факти и финансиски импликации поврзани со трошоци за лекување.

Ставот на ССМ беше да се стави законска рамка на проблемот наречен мобинг, прифатен и поддржан и од нашето членство и од пошироката јавност.

Преку анкетата на ССМ и СФДМ од 2011 година дојдовме до сознание дека 53% од штетното влијание на мобингот се рефлектира на работата и работната способност. Исто така 12% од испитаниците користеле боледување и имале нарушено здравје. Влијанието на работното место и работната средина се манифестира преку: зголемена стапка на боледување, зголемена стапка на сменски работници, зголемен стрес, зголемени трошоци за едукација за преквалификација и доквалификација, зголемени ризици за повреди, намалена продуктивност, намален квалитет на услуги, пад на довербата кон претпријатието, намалена корпоративна општествена одговорност, намален профит и плата, зголемени трошоци и слично.

Со цел да ја издигне свеста кај работниците и целокупната јавност за постоењето и потребата од препознавање и заштита од мобинг, Сојузот на синдикатите на Македонија дејствува превентивно. Води кампањи, се едуцираат работниците преку: семинари, работилници, трибини, кои во изминатиот период беа одржувани или самостојно или во партнерство со синдикатите од Република Македонија и европските и светски синдикални асоцијации и организации – ITUC и ETUC, Меѓународната организација на трудот, Министерството за труд и социјална политика – Секторот за еднакви можности, Организацијата на работодавачи на Македонија, фондации, како и со невладиниот сектор.“

## Т Р Е Т   С Т Р А Т Е Ш К И   З А К О Н   П О   И Н И Ц И Ј А Т И В А   Н А   С С М



Законот за мобинг е трет стратешки закон што по 2010 година се носи по иницијатива на Сојузот на синдикатите на Македонија. Другите два закони, кои се од историско значење за заштитата на работните права, се Законот за европски работнички совети и Законот за минимална плата.

Од 2010 година ССМ на Празникот на трудот, Први мај, покренува посебни кампањи за одредени конкретни прашања од интерес за работниците и подобрување на нивната економско-социјална положба. Во 2010 година започна кампањата „Зачлени се и запознај го твојот Синдикат“. Резултатот беше нови 26.000 членови во синдикатите здружени во ССМ.

Во 2011 година кампањата беше насочена на донесување закон за минимална плата. Законот беше донесен и почна да се применува од почетокот на 2012 година.

Во 2012 година беше промовирана Иницијативата за носење посебен Закон за мобинг. Една година подоцна законот е донесен.

Оваа година кампањата се однесува на основање локални економско – социјални совети. Еден месец после промоцијата основан е локален совет во Битола, додека агендата вклучува основање совети во повеќе градови во земјата.

# ПРОДОЛЖУВА КАМПАЊАТА ЗА ОСНОВАЊЕ ЛОКАЛНИ ЕКОНОМСКО - СОЦИЈАЛНИ СОВЕТИ

## КОНФЕРЕНЦИЈА “ЛОКАЛНИОТ СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ - ПРЕДИЗВИЦИ И ПОТРЕБИ“




**Претседателот д-р Живко Митревски, министерот Диме Спасов, амбасадорот Пол Волерс и градоначалникот Коце Трајановски**

На 12 јуни е одржана Конференцијата “Локалниот социјален дијалог во Македонија – предизвици и потреби“, која се одржа во ССМ, во организација на Сојузот на синдикатите на Македонија и на “УСАИД“. На конференцијата присуствуваа, покрај домаќините од ССМ, градоначалникот на Скопје Коце Трајановски, амбасадорот на САД Пол Волерс, министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, претседателот на Организацијата на работодавачи Ангел Димитров, претседателот на КСС Мирјана Андреска, претседателот на УНАСМ Слободан Антовски, претставници на “УСАИД“, Меѓународната организација на трудот и на други организации и институции.

Како што известивме во минатиот број, сите учесници заклучија дека социјалните партнери треба заеднички да работат во развивањето на капацитетите на социјалниот дијалог во локалните заедници. Локалните совети требада прераснат во институции каде ќе се истражуваат потребите на пазарот на трудот. Една од најглавните цели на советите е прилагодување на образованието и преквалификација, со цел намалување на невработеноста, пред се кај младата популација.

Конференцијата е дел од Кампањата на ССМ за основање локални економско – социјални совети. Да потсетиме дека еден месец после промоцијата на кампањата, на 30 мај, е основан ЛЕСС во Битола, додека во месец јуни се одржани трибини под ист наслов во два града, Велес и Прилеп, каде исто така интензивно се работи на формирање ЛЕСС.



**Центарот на Велес**

## ТРИБИНА ВО ВЕЛЕС - АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Преку формирање на локален економско – социјален совет во Велес ќе се дејствува на намалување на невработеноста, беше кажано на трибината “Локални економско – социјални совети – потреба, искуства и предизвици“, што на 13 јуни се одржа во организација на Сојузот на синдикатите на Македонија, со поддршка на Фондацијата “Фридрих Еберт“.

Претседателот на ССМ д-р Живко Митревски истакна: “Ќе се фокусираме на оформувањето на формалното и неформалното образование, на преквалификации и доквалификации на работници кои останале без работа. Преку координирана акција на сите чинители на советот ќе се формираат акциони планови за вработување.

На трибината учествуваа претставници на сите социјални партнери. Кажано е дека локалниот економско – социјален совет не може директно да ги решава проблемите на работниците, но затоа може да го поттикне решавањето на одредени проблеми со свои ставови, мислења и сугестии до локалната власт.

Во краен случај локалниот совет ќе може да ги превенира тие проблеми преку донесување правилни проекти и правилни инвестиции за целосен развој на општината – рече Ангел Димитров, претседател на Организацијата на работодавачи на Македонија.

Локалниот совет што треба да се формира во Велес ќе биде исто така составен од претставници на локалната самоуправа, синдикатот, работодавачите, како и на Агенцијата за вработување, образованието, невладините организации и граѓански здруженија.

Посебно е потенцирано дека за нормално функционирање на советот и за опсежна помош на работниците во сите претпријатија треба да биде присутен синдикатот. Сите учесници ќе се фокусираат на решавањето на проблемите на локално ниво, ќе прават анализи на потребите на пазарот на трудот и на работодавачите, но истовремено ќе ја следат состојбата и на невработените.

## ТРИБИНА ВО ПРИЛЕП - ПРИОРИТЕТ ВРАБОТУВАЊЕТО МЛАДИ КАДРИ



Претставници на синдикатите, работодавачите и локалната самоуправа на средбата во Прилеп

Трибината во Прилеп, во организација на Сојузот на синдикатите на Македонија, со поддршка на Фондацијата "Фридрих Еберт", се одржа на 26 јуни. Претседателот на ССМ д-р Живко Митревски ја нагласи потребата од отворање дебата за институционализирање на социјалниот дијалог во локалните заедници. Една од приоритетните цели на советот е вработување млади кадри. Преку советите ќе се прави анализа на пазарот на трудот, потребите од вработувања, преквалификации за работници прогласени за технолошки вишок, креирање политика за вработување млади лица, додека социјалните партнери ќе даваат придонес за проекција, посебно на плановите за вработување, истакна Митревски.

Организацијата на работодавачи ја претставуваше Орде Георгиевски од АД "Витаминка" - Прилеп.

Социјално-економски совет на локално ниво, трипартитно тело што ќе го сочинуваат локалната власт, работодавачите и синдикатите како претставници на работниците, треба да придонесе да се избалансираат односите меѓу локалната власт, фирмите и работниците. Според претставниците од Фондацијата „Фридрих Еберт" оваа панел-дебата треба да демонстрира постоење компромис за создавање на локални економско - социјални совети во сите градови до државата каде што и Синдикатите и работодавците и Владата ќе можат да дојдат до заеднички решенија кои ќе бидат позитивни за работниците.




## СРЕДБА СО ОРМ ЗА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР ЗА ПРИВАТЕН СЕКТОР

Раководствата на ССМ и на Организацијата на работодавачи, заедно со работните групи, на 7 јуни го разгледуваа Колективниот договор за вработените во приватниот сектор, во контекст на новините од работното законодавство. На средбата беше разговарано за неговата примена, исплатата на плати и надоместоци, како и за состојбите околу неговата примена. Беше договорено двата партнери на следната средба да излезат со свои предлози околу Колективниот договор. Од страна на ССМ беше презентиран ставот дека вкупното анализирање на состојбите околу Колективниот договор треба да биде во корелација со изградените ставови на Економско – социјалниот совет на Република Македонија.

# АКАДЕМИЈА ЗА МЛАДИ СИНДИКАЛНИ ЛИДЕРИ



**Групата е составена од по еден претставник од сите грански синдикати**

На 8 и 9 јуни во Охрид се одржа семинар на тема "Младинско синдикално лидерство", што е прва сесија на Проектот „Академија за млади синдикални лидери". Проектот се одржува со помош на Фондацијата "Фридрих Еберт" и наменет е за обука на младите синдикалци од ССМ, КСС, УНАСМ и ССНМ.

На првиот семинар предавачот д-р Константин Петковски ги запозна учесниците со целите на обуката, после што се продолжи со работилници и вежби. Групата учесници, составена од по еден претставник од сите грански синдикати, преку вежби и дискусии, ги обработуваа темите "Која е улогата на синдикалното организирање?", "Успешност, делотворност и плодотворност", "Зошто е важно синдикалната организација да работи добро – успешно?", "Креативноста како фактор за успешност", "Некои од тајните на лидерството", "Емоционална интелигенција", "Комуникацијата и однесувањето како фактор за успешност" и други теми.

Според предвидената агенда средбите ќе бидат спроведени од проф. д-р Константин Петковски и проф. д-р Тодор Каламатиев. Следните три семинари и една панел дебата треба да се одржат во септември, октомври и ноември.

# ШКОЛА ЗА ЖЕНИ СИНДИКАЛНИ ЛИДЕРИ



**За годинава се предвидени три предавања на различни теми**

Покрај организирањето на Школата за млади лидери ССМ за прв пат организира и Синдикална школа за жени лидери. На 14 и 15 јуни во Охрид се одржа Школата за жени синдикални лидери.

Школата е организирана од Фондацијата "Фридрих Еберт", додека учесници беа жените синдикалки од Сојузот на синдикатите на Македонија, Конфедерацијата на слободни синдикати (КСС), Унијата на независни и автономни синдикати (УНАСМ) и Самостојниот синдикат на новинари на Македонија (ССНМ). Предавачи беа д-р Тодор Каламатиев, кој предаваше на темите "Трудовото законодавство и права од работен однос" и "Преговарање и склучување колективни договори". Во вториот дел предаваше Владо Караев од организацијата "Рубикон", на темите "Тимска работа" и "Синдикално лидерство". Во склоп на собирот се одржа презентација "Позитивни примери на успешни жени во светот на мажите", на која настапија жени кои работат професии што се сметаат за исклучително машки.

# ОФИЦИЈАЛНО ЗАТВОРАЊЕ НА ЕУ ПРОЕКТОТ ЗА ПОЛИТИКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ



Резултатите од проектот се добри и оттаму се создаде основа за активно дејствување на Владата и Министерството за труд и социјална политика за намалување на невработеноста во Република Македонија. Ова го истакна Хелмут Гинтер, проектен лидер, на официјалното затворање на Проектот на ЕУ "Поддршка на националната политика за вработување", што на 4 јуни се одржа во Музејот на македонската борба за државност и самостојност во Скопје.

На средбата беше истакната соработката со социјалните партнери. Сојузот на синдикатите на Македонија беше постојан учесник на семинарите и работилниците на ТВИНИНГ проектот, со тоа што некои од средбите беа посветени исклучително на обуката на претставници на синдикатите. Проектот, кој се одвиваше од септември 2011 година до јуни 2013 година, е финансиран од Европската Унија "ИПА Компонента 4 – развој на човечки ресурси". Проектот го спроведуваа австриската "Агенција за европски интеграции и економски развој" и "Регионалната агенција за развој Сенец – Пезинок" од Братислава, Словачка.

Остварени се двете цели, односно компоненти. Првата е "Развивање долгорочна прогноза на пазарот на трудот преку градење капацитети за прогнозирање во Министерството за труд и социјална политика". Втората компонента е "Развивање систем за мониторинг и евалуација на политиката за вработување".

Амбасадорот на Австрија Томас Михаел Баер информираше дека неговата земја со задоволство ќе ги подели искуствата за да се зголеми мобилноста на пазарот на работна сила. Околу 80 отсто од сите проекти на Унијата се однесуваат на труд и социјала, бизнис клима, намалување на невработеноста, така што резултатите ќе имаат свој живот и после завршувањето на проектот, информираше амбасадорот на Словачка Роберт Кирнаг. Заменик министерот за труд и социјална политика Ибрахим Ибрахими истакна дека значајна придобивка се основите за развивање систем за мониторинг евалуација.

# ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТНИЦИ



**На денот традиционално се повикуваат ветераните на СГИП**

Синдикатот за градежништво, индустрија и проектирање (СГИП) свечено го одбележа 20 Јуни, Денот на градежните работници на Македонија.

Во склоп на одбележувањето на денот се одржа свечена седница на Советот на СГИП и, традиционално, средба со пензионерите и поранешните активисти, кои имаат дадено голем придонес во развојот на синдикалното движење во изминатите години.

Во знак на почит кон овие синдикални активисти и првиот штрајк на градежните работници во Република Македонија, во 1936 година, се положи свежо цвеќе пред спомен одбележјето кај Градската болница во Скопје.

Синдикатот СГИП исто така јавно им го честита празникот на сите работници од градежниот сектор. Ова е поттик, но воедно и гордост, за сите наши работници и членови на синдикатот, се вели во соопштението.

## ОДРЖАН ВТОРИОТ КАМП НА МЛАДИТЕ ОД “СОЛИДАРНОСТ“

Од 25 до 28 јуни во приморското место Неум, Босна и Херцеговина, се одржа Вториот камп на Одборот на млади на Регионалниот синдикален совет “Солидарност“. Учесници беа младите од синдикатите од Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска, Македонија, Словенија и Србија. Сојузот на синдикатите на Македонија го претставуваа петмина млади



синдикалци.

Целта на кампот беше вмрежување и соработка на младите синдикалци од регионот, зголемување на информираноста и активноста на младите и развивање на идеи за самоодржливост на Одборот на млади.

Во рамките на средбата се одржа презентацијата “Младите од синдикатот“, на која беа претставени активностите на секциите на националните и гранските синдикати од земјите учеснички. Исто така е претставен веб сајтот на Одборот на млади. Во продолжение се дискутираше по темите “Уводно излагање за фондовите на ЕУ“, “Развивање на апликации за проектните идеи“, и “Презентации на проектите“, со тоа што средбата заврши со договор за наредните активности. Фондацијата “Фридрих Еберт“ – Регионален проект за работни односи и социјален дијалог во југоисточна Европа, со седиште во Белград, ги поддржува работата на РСС “Солидарност“ и одржувањата на младински кампови.

Првиот Камп на млади се одржа од 18 до 21 јули 2012 година во Стара Пазова, Србија. Во рамките на средбата е усвоена “Резолуција за унапредувањето на младите во синдикатите“. Имено, посебно поле на активност на “Солидарност“ е синдикалното дејствување меѓу младите.

Основачкиот состанок на Регионалниот синдикален совет “Солидарност“ се одржа на 3 и 4 февруари во Белград, додека на 11 април 2011 година, во Љубљана, Република Словенија е потпишана Основачката повелба. Наредните состаноци се одржаа во јуни 2012 година во Белград и во април 2013 година во Сараево. Иницијатор за основање на “Солидарност“ е Европската конфедерација на синдикатите (ETUC), додека улогата на технички координатор ја врши Фондацијата “Фридрих Еберт – Регионална канцеларија во Белград“.

Примарната цел на Советот е придонес на синдикатите во ЕУ интеграцијата на земјите кандидатки, при што се разменуваат искуства и позитивни практики на синдикатите од земјите од регионот. Експертите ангажирани од Советот ги следат директивите на ЕУ, конвенциите на МОТ и ја промовираат синдикалната соработка.

## РЕГИОНАЛНИ СИНДИКАЛНИ ПРЕТСТАВНИШТВА И СИНДИКАЛНИ КАНЦЕЛАРИИ

РСП ДЕЛЧЕВО

Дадени се правни совети за работници во “Здравствен дом“, ГД “Гранит“ и Фондот за здравствено осигурување. Во трите случаи се работи за повреди на права од работен однос, упатување на привремен одмор и јубилејна награда.

Со претседателот на УПОЗ посетени се локалната самоуправа и Фондот за здравствено осигурување, каде е разговарано за тековни проблеми.

СК ГЕВГЕЛИЈА

Со цел утврдување на состојбите и на општото расположение на членството посетени се синдикалните организации во Локалната смаоуправа во Валандово, подрачната единица на Фондот за здравствено осигурување во Валандово, Казнено - поправната установа во Гевгелија и Основниот суд во Гевгелија.

Во Агенцијата за катастар е избрано ново раководство

Дадени се правни совети за петмина членови на ГОФИХ, во врска со исплата на плати и придонеси.

РСП КАВАДАРЦИ

Одржана е седница на Синдикалната организација на "Фени индустри", на која присуствуваше и претседателот на СИЕР Пеце Ристовски. На средбата се разговараше за промените што ги воведува менаџментот поради падот на цената на никелот на светската берза. На принуден одмор во траење од еден месец се испратени 30 работници, додека се разговараше и за другите мерки, како намалување на буџетот за бонус и варијабла за 50 отсто и намалување на основната плата за пет отсто.

Одржани се средби со претседателите на синдикалните организации во АД ЗП ГД "Тиквеш", АД "Жито југ", Винарска визба "Тиквеш" и подружницата "Бор" на ЈП "Македонски шуми ".

На 17 јуни е одржан состанок со стечајните работници од МИК "Кавадарци" во стечај. На состанокот се разговараше околу објавениот оглас за прибирање затворени писмени понуди за петтата продажба.

Околу правната заштита пружена е помош на 32 странки од подрачјето на РСП Кавадарци и на седум од подрачјето на СК Неготино.

РСП КУМАНОВО

Голем број активности и интервенции во тутунскиот комбинат "Куманово", во врска со застапувањето на вработените. Контактирано е со стечајната судијка и со стечајниот управник околу барањето за учество во Одборот на доверители во комбинатот. И покрај укажувањето дека синдикатот има законско право да ги застапува вработените во Одборот на доверители барањето е одбиено. Од в.д. претседателот на судот во Куманово не е добиено писмено образложение и подоцна е поднесена претставка до Републичкиот судски совет. Реагирано е и на локалната телевизија, каде е изјавено дека Сндикатот и понатаму ќе ги штити интересите на вработените во ТТК.

Учество на семинар што го организираше Локалната самоуправа и УСАИД "Унапредувањето на инвестирањето во Куманово".

РСП ПРИЛЕП

Во АД "Мермерен комбинат" се водеа преговори за донесување колективен договор на ниво на претпријатие. Преговорите успешно завршија на 24 јуни, додека колективниот договор е потпишан на 1 јули.

Синдикалната организација во претпријатието "Еурокомпозит" на 17 јуни организираше штрајк. Причини се доцнењето на четири плати и необезбедена работа. На повидок нема решение, бидејќи на објавениот тендер за продажба не се јавени заинтересирани купувачи. На 24 јуни во претпријатието е остварена средба со премиерот Никола Груевски и со раководството на претпријатието.

Во организација на синдикатот СИЕР на 13 јуни се одржа семинар на тема "Зачленување на нови членови во синдикат", како дел од Проектот "Организациски развој на синдикатот".

Со координаторот на СК Македонски Брод е остварена средба со градоначалникот, со цел формирање на синдикална органзиација во локалната самопрaва.

Неколку пати е посетено Крушево, каде се остварени средби со синдикалните претставници од градот.

РСП СКОПЈЕ

Во Собранието на Град Скопје , на иницијатива на секретарот на РСС Скопје, е одржан работен состанок со цел основање синдикална организација. На состанокот присуствуваше и претседателот на УПОЗ Пецо Грујовски. Оценето е дека постои позитивно расположение за иницијативата. Секретарот на РСС исто така учествуваше на три семинари и конференции што се одржаа во месец јуни во главниот град.

РСП ТЕТОВО

Дадена правна помош, правно мислење и поднесено барање до стечајниот управник, за работничка од "Тетекс ЈАРН", околу исплата на неисплатено пријавено и утврдено побарување.

СК ГОСТИВАР

Средба во Синдикалната организација во Основниот суд – Гостивар, на тема тековни состојби, висината и исплатата на платите, како и нови зачленувања, за што е договорена средба со сите членови.

СК КИЧЕВО

Разговори и интервенции со стечајните работници на "ЕМО Склопки СТС", во врска стечајот и правата по основ на стечај.

КОНТАКТ
Благојче Крстевски, стручен соработник за информирање на ССМ
Тел/факс 02/3225-937 E mail: b.krstevski@ssm.org.mk